# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:** Програма за конкурентност, иновации и претприемништво, од Област А - Подршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство за 2020 година. Во која се земени:

a) Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП
Подмерка 1.1 Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија
Подмерка 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво

b) Мерки за поддршка и развој на занаетчиството
Подмерка 3.1 Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РСМ
Подмерка 3.2 Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци
Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии
Подмерка 3.4 Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали

**Сектор надлежен за спроведување на програмата во Министерството за економија :** Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија (МСП).

**Вид на програмата**

☐ Хоризонтална

☐ **Вертикална**

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**

Економското јакнење претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост и токму поради тоа наоѓа посебно место во Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година.

Со цел спроведување на обврските кои произлегуваат од Методологијата за родово одговорно буџетирање и Стратегијата за родово одговорно буџетирање, која Владата на Република Северна Македонија ја донесе во 2012 година, Министерството за економија се вклучува во спроведување на родово одговорно буџетирање, па за таа цел избрани се мерките од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво кои се дел од област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија кои ќе бидат предмет на родово буџетска анализа:

- **Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП**
  Подмерка 1.1 Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија
  Подмерка 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво

- **Мерки за поддршка и развој на занаетчиството**
  Подмерка 3.1 Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РСМ
  Подмерка 3.2 Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци
  Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии

Подмерка 3.4 Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали

**Краток осврт на избраните мерки од програмата:**

- **Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП**

**Подмерка 1.1 Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија**
Предмет на мерката е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија, кои вработуваат над три лица преку субвенционирање на 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000,00 денари вкупно по апликант, направени за набавка на опрема и алати. Во Јавниот повик за оваа мерка беше применет стимулативен критериум доколку апликант е деловен субјект во сопственост и управуван од жена, односно наместо условот од минимум 3 (три) вработени за овие апликанти условот беше минимум 2 (два) вработени.

**Подмерка 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво**
Предмет на мерката е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци но не повеќе од 120.000,00 денари, направени за следните намени:
- Набавка на опрема и алати;
- Уредување/подобрување на деловниот простор;
- Воведување на софтверски решенија (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000,00 денари).

- **Мерки за поддршка и развој на занаетчиството**

**Подмерка 3.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија**
Предмет на мерката е кофинансирање на проекти на занаетчиските комори кои се однесуваат на развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија преку надоместување на 75% од трошоците за реализација на проектот, но не повеќе од 250.000,00 денари по апликант.

**Подмерка 3.2. Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци**
Предмет на мерката е субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци од страна на вршители на занаетчиска дејност преку субвенционирање на 75% од докажаните трошоци исплатени како надоместок за ангажирање на чирак, но не повеќе од 30.000,00 денари по апликант.

**Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии**
Предмет на мерката е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 180.000,00 денари, направени за следните намени.
- Набавка на опрема и алати,
- Уредување/подобрување на деловниот простор

**Подмерка 3.4 Кофинансирање на трошоци за занаетчии** за набавка на алати и

**репроматеријали**
Предмет на подмерката е кофинансирање на дел од трошоците на занаетчиите за купување на алати и репроматеријали преку кофинансирање до 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000,00 денари поединечно за секој апликант."

Од П1 КОВИД програмата во Министерството за економија, 20.000.000 денари се наменија за поддршка на занаетчиите за полесно справување со последиците од Ковид 19. Поради тоа се направија измени на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година во област А. поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, при што се додаде нова Подмерка 3.4 Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали

За реализација на овие мерки, Министерството за економија објавува Јавни повици за секоја од наведените мерки на веб страната на Министерството за економија како и порталот за конкурентност.

## 2. Вовед

Програмата за конкурентност, иноваци и претприемништво како обедината програма на два сектрои (Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП и Сектор за индустриска политика) започна да се реализира од 2013 година и истата содржи три области:

a) Област А – Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство;
b) Област Б – Имплементација на индустриска политика и
c) Област В – Поддршка и развој на кластерско здружување.

Предложените (избраните) мерки се од Областа А – Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија, дел се реализирале и во 2013 година, а контуинирано продолжуваат да се спроведуваат и секоја наредна година со различни и зголемени буџетски средства за нивна реализација.

При креирање на предложените шест мерки не е земен предвид родовиот аспект односно дали ќе аплицираат занаетчии односно правни субјекти во сопственост или управувани од жена или маж, **освен во Подмерка 1.4** (Финансиска поддршка за женско претприемништво), каде е земен предвид родовиот аспект, и истата е дизајнирана конкретно за претпријатија во сопственост и управувани од жени. За другите пет мерки може да аплицираат правни субјекти независно од родот на сопственикот или управителот. Во следните табели е прикажан преглед на горенаведените мерки:

**Табела бр. 1. Табеларен приказ на подмерките 1.1, 3.1, 3.2, 3.3, 3.4**

| Подмерка | Број на субвенционирани претпријатија | Број на субвенционирани претпријатија во сопственост на жена | Број на субвенционирани претпријатија во сопственост на мж |
|---|---|---|---|
| Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија | 55 | 17 | 38 |
| Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РСМ. | 4 | 0 | 4 |
| Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци | 1 | 0 | 1 |
| Субвенционирање на трошоци за занаетчии | 43 | 15 | 28 |
| Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали | 225 | 136 | 89 |

**Табела бр. 2. Табеларен приказ на Подмерка 1.4 (Финансиска поддршка за женско претприемништво –апликации по дејност).**

| Година | Број на пристигнати апликации | Број на одобрени апликации | Претежна дејност на одобрените апликации |
|---|---|---|---|
| 2015 | 26 | 15 | -1-архитектонски дејности,<br>1-производство на леб слатки во свежа состојба и бисквити,<br>6-сметководство-книговодствени работи,<br>1- фризерски салон,<br>1- поставување на ѕидни и подни подлоги,<br>1-дејности на советување во врска со работење,<br>1-поправка на опрема за комуникации,<br>1-дејности на дневна социјална заштита на деца,<br>1- други издавачки дејности,<br>1- хотели и слични објекти за сместување |
| 2017 | 39 | 23 | 6- Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи,даночно советување,<br>1- Дејности за нега и одржув. на телото,<br>2- Компјутерски консултант. дејности,<br>1- Техничко испитување и анализа,<br>2- Други забавни активности, неспомн. на друго место,<br>1- Преведувачки дејности и услуги на преведувачите,<br>1- Инженерство и со него поврзано техничко советување,<br>1- Производство на друга горна облека,<br>1- Издавање на списанија и периодични публикации,<br>1- Производство на амбалажа од пластични маси за пакување,<br>1- Производство на леб, слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити,<br>3- Услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето,<br>1- Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место,<br>1-Производство на парфеми и тоалетни препарати |
| 2017 | 36 | 18 | 1- компјутерско програмирање,<br>2-архитектонски дејности,<br>2-специјализир. дизајнерски дејности,<br>2- производство на останати прехрамбени производи неспомнати на друго место,<br>1- дејности за советување во врска со работењето и останато управување,<br>1- Општи машински работи, 3- производство на друга горна облека,<br>2-производство на леб, слатки (колачи торти) во свежа состојба и бисквити,<br>1-погребни и слични дејности,<br>1-останато производство неспомнато на друго место,<br>1- Истражување на пазар и испитување на јавно мислење,<br>1- производство на друг мебел |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2018 | 46 | 16 | 1-Производство на останати прехрамбени производи, неспомнати на друго место,<br>1-Производство на ДРУГА ГОРНА ОБЛЕКА,<br>1-Услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето,<br>2-Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук,<br>1-Производство на предмети за санитарни и тоалетни потреби за домаќинствата,<br>3-Останато производство, неспомнато на друго место,<br>1-Неспецијализирана трговија на големо,<br>1-Производство на други машини за општо намена, неспоменати на друго место,<br>1-Прозводство на леб, слатки (колачи,торти) во свежа состојба и бисквити (кекси),<br>1-Поправка на опрема за комуникации,<br>1-Поставување на столарија,<br>1-фризерски салони и салони за разубавување,<br>1-производство на парфеми и тоалетни препарати |
| 2019 | 38 | 21 | 96.02 Фризерски салони и салони за разубавување – 3 комании, ( вкупно 45.456,00 ден).<br>96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени производи – 2,<br>93.13 Објекти за фитнес – 2,<br>93.29 Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место – 1,<br>56.21 Услуги на доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг) -1,<br>43.31 Малтерисување – 1,<br>43.21 Електроинсталатерски работи -1,<br>31.09 Производство на друг мебел – 1,<br>25.62 Општи машински работи – 1,<br>22.22 Производство на амбалажа од пластични маси за пакување – 1,<br>18.13 Услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето -1,<br>15.12 Производство на куфери, рачни торби и слични предмети, седла и сарачки произв. –1,<br>14.13 Производство на друга горна облека – 1,<br>10.91 Производство на готова храна за животни на фарма (домашни животни) – 1,<br>10.71 Производство на леб; слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити (кекси) – 1.<br>10.39 Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук – 1,<br>10.11 Преработка и конзервирање на месо – 1. |
| 2020 | 23 | 11 | 10.39 Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук -2<br>23.69 Производство на други производи од бетон, гипс и цемент -1<br>10.71 Производство на леб; слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити (кекси) -1<br>10.51 Преработка на млеко и производство на сирење-1<br>96.03 Погребни и слични дејности-1<br>93.29 Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место-1<br>13.30 Доработување на текстил-1<br>14.13 Производство на друга горна облека-1<br>82.19 Фотокопирање, подготовка на документи и останати специјализирани канцелариски помошни дејности-1<br>96.02 Фризерски салони и салони за разубавување-1 |

**Табела 3. Табеларен приказ на Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии ( каде е направена поделба од аспект на сопственост, над 51% (маж или жена) во компанијата - апликант.**

| Година | Вкупен број на одобрени апликации | Број на одобрени апликации | | Претежна дејност на одобрените апликации | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ж | м | ж | м |
| 2015 | 13 | 11 | 2 | 5-Козметичарка;<br>3- фризерски салон;<br>1-фотограф;<br>1-домашни ракотворби;<br>1-одржување на лице и тело. | 1-автомеханичар,<br>1-фризер, |
| 2016 | 12 | 5 | 7 | 1-производство на облека – кројач;<br>1-козметичко – фризерско студио;<br>1- фризерски салон,<br>1-дизајнер, модно студио;<br>1-производство на текстил. | 1-изработка на врати, прозорци од дрво,<br>1-фото студио,<br>1- производство на леб, слатки (колачи торти) во свежа состојба и бисквити,<br>1- фото студио,<br>2-фризер, 1-столар |
| 2017 | 23 | 9 | 14 | 1-ателје;<br>4-козметичарка;<br>1-рачни ракотворби;<br>2-фризерка. | 1-фурна,<br>6-мајстор мебел,<br>1-златар,<br>2-печатница,<br>1-бербер,<br>1-хаус мајстор,<br>2- фото студио, |
| 2018 | 19 | 8 | 11 | 2-шивачка;<br>1-фотограф;<br>2-фризерка;<br>1-пекар;<br>1-декорирање на свечености;<br>1-козметичарка. | 1-бербер<br>1- афтомеханичар<br>1-афтоелектричар<br>1-градежник<br>1-производство на текстил<br>1-оптичар<br>1-производство на накит<br>1-вулканизер<br>1-фотограф<br>1-фризерско козметички услуги<br>1-златар |
| 2019 | 40 | 15 | 25 | 9-фризерка;<br>1-услуги за храна (кетеринг);<br>1-производство на друг мебел;<br>1-производство на игри и играчки;<br>1-производство на облека;<br>1-козметичарка;<br>1- производство на останати производи од дрво и др. | 1-Производство на леб; слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити (кекси);<br>1- Производство на останати производи од дрво; производство на предмети од плута, слама и плетарски материјал;<br>1- Производство на предмети за вградување (градежна стока) од пластични маси;<br>1- Производство на други производи од пластични маси;<br>1-Сечење, обликување и доработка на камен;<br>1- Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун;<br>1- Производство на канцелариски мебел и мебел за продавници;<br>1- Производство на накит и слични производи;<br>1- Производство на медицински и стоматолошки инструменти;<br>1- Останати завршни градежни работи;<br>5- Одржување и поправка на моторни возила;<br>4- Фотографски дејности;<br>1- поправка на опрема за комуникации;<br>4- бербер;<br>1 – поправка и опрема за комуникаци. |
| 2020 | 43 | 15 | 28 | 7 – (96.02) Фризерски салон и разубавување | 9 – (74.20) Фотографски дејности<br>4 – (96.02) Фризерски салон и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1- (17.29) Производство на други предмети од хартија и картон<br>1- (10.71) Производство на леб, слатки (колачи, торти ) во свежа состојба и бисквити(кекси)<br>1- (14.13) Производство на друга горна облека<br>1- (96.04)- Дејности за нега и одржување на телото<br>1- (95.29) Поправка на други предмети за лична употреба и за домаќинствата<br>1- (32.99)- Останато производство ,неспомнато на друго место<br>1- (74.20)- Фотографски дејности<br>1- (32.12) Производство на накит и слични производи | разубавување<br>2 – (45.20)-Одржување и поправка на моторни возила<br>2- (31.09) Производство на друг мебел<br>1- (43.33)- Поставување на подни и ѕидни облоги<br>1- (32.12) Производство на накит и слични производи<br>1- (47.24) Трговија на мало со леб , печива ,колачи слатки во специјализирани продавници<br>1- (31.11) Поправка на фабрикувани производи од метал<br>1- (22.23) Производство на предмети за вградување (градежна стока)од пластични маси<br>1- (25.99) Производство на други фабрикувани метални производи,неспоменати на друго место<br>1- (25.62) Општи машински работи<br>1- (18.12) -Друго печатење<br>1- (95.25) Поправка на рачни часовници ,саати и накит<br>1- (01.49)-Одгледување на други животни<br>1- (16.29) Производство на останати производи од дрво;производство на предмети од плута ,сламаи плетарски материјал |

Од прегледот на мерките за економското зајакнување во изминатите пет години (2015-2020), во мерката за поддршка на женското претприемништво во 2015 и 2016 година доминира дејноста сметководство-книговодствени работи, додека во следните години вклучително 2020 година, одобрените апликации се со мешовита структура во однос на дејноста.

Во мерката за субвенционирање на трошоци на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност, може да се забележи дека жените кои се субвенционирани најчесто се вклучени во доменот на услугите односно козметичко-фризерска дејност вклучително и во 2020 година каде 7 апликации се одобрени за дејноста фризерски салон и разубавување, додека пак кај претпријатијата во сопственост на маж во 2020 преовладуваат фотографските дејности година со одобрени 9 апликации.

## 3. Позадина/контекст

Крајната цел е зголемување на свеста кај жените претприемачи во земјава како и поттикнување на поголемо вклучување на жените во претприемништвото и активација на жените на пазарот на труд.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

Како што може да се види од табела бр. 2, во врска со Подмерка 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво, во 2020 година се одобрени само 11 апликации за разлика од претходните години каде може да се забележи поголем број одобрени апликации, имено во 2019 година одобрени биле 21 апликација. Притоа, се забележува намален тренд на поднесување барања при што во 2020 година имало само 23 апликации, за разлика од 2019 година каде што имало 38 апликации и 2018 година со 46 апликации. Во однос на фондот, истиот е намален за оваа мерка при што во 2020 година биле предвидени 1.500.000,00 денари за разлика од 2019 година каде за мерката биле издвоени 2.500.000,00 денари. За 2021 година за истата мерка планирани се 4.000.000,00 денари.

Од табеларниот приказ на Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии може да се види дека бројот на одобрени апликации за субјекти во сопственост или управувани од жена во последните две години е повисок од претходните години. Најголем интерес односно 7 апликации се однесувале на дејноста фризерски салон и разубавување, а вкупно се одобрени 15 апликации за субјекти во сопственост или управувани од жена и 28 апликации за субјекти во сопственост или управувани од маж во 2020 година.

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;
Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;
Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми специфично наменети за одредена категорија граѓани, мажи или жени.

Од предвидените 42.040.000,00 денари реализирани се вкупно 29.137.818,00 денари денари за рализација на горенаведените мерки од Програмата КИП 2020, Дел А. Поддршка на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство. Со овие средства кофинансирани се трошоци по разни основи на вкупно 339 апликанти (претпријатија/занаетчии/комори) од кои 179 (52,8%) се во сопственост и управувани од жени и за нив се распределени 10.875.142 денари односно 37,3 % од вкупно реализираните средства.

Со реализација на Подмерка 1.1 Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија субвенционирани се 55 претпријатија во вкупен износ од 14.000.000 денари. Од вкупниот број на субвенционирани апликанти, 17 (30,9 %) се претпријатија во сопственост и управувани од жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 3.560.137 денари.

Во Јавниот повик за оваа мерка беше применет стимулативен критериум доколку апликант е деловен субјект во сопственост и управуван од жена, односно наместо условот од минимум 3 (три) вработени за овие апликанти условот беше минимум 2

(два) вработени.

Со Подмерка 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво субвенционирани се 11 претпријатија во сопственост и управувани од жени во вкупен износ од 1.068.206 денари.

Со Подмерка 3.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РСМ кофинансирани се вкупно 4 проекти на занаетчиски комори во вкупен износ од 707.910 денари. Од занаетчиските комори чии проекти се кофинансирани нема ниедна жена претседател на комора.

Со Подмерка 3.2 Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци субвенциониран е еден апликат (маж) со средства во вкупен износ од 12.938 денари.

Со Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии субвенционирани се 43 апликанти во износ од 4.475.745 денари од кои 15 (34,8%) се жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 1.506.454 денари.

Со Подмерка 3.4 Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали реализирани се 8.873.019 денари за кофинансирање на 225 занаетчии и вршители на занаетчиска дејност. Од нив 136 ( 60,4% )се жени кои се кофинансирани во вкупен износ од 4.740.345 денари.

Во врска со Подмерка 1.5 Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во Република Северна Македонија која беше вклучена во извештаите за родово одговорно буџетирање за претходните години, првично истата беше предвидена во Програмата КИП 2020, но Согласно Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, донесена од Владата на Република Северна Македонија (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 97 од 09.04.2020) беше направена прераспределба односно намалување на претходно доделените буџетски средства за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година од 47.940.000 денари на 27.740.000,00 денари.

Средствата за реализација на предвидените мерки од област А. поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, од Програмата беа намалени од 34.740.000,00 денари на 22.040.000,00 денари. Како резултат на тоа, не се реализираа неколку од предвидените мерки вклучително Подмерка 1.5 Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Потребно е подобро запознавање на јавноста со постојните програми и можностите за аплицирање, како и едноставни инструкции или водич за потребната документација кои ќе им помогнат на граѓаните во процесот на поднесување на барањето.

## 7. Заклучоци и препораки

Потребни се засилени активности во делот на женското претприемништво и подобар пристап на жените до можности за развој на сопствени бизниси.

Подобрено информирање и подигање на свеста на жените за можностите кои се нудат во пристапот до субвенции за развој на сопствени бизниси.

Потребно е упатство во кое се прикажани сите чекори од процесот на апилицирање за субвенции.

Со почит,

МИНИСТЕР,
MINISTËR,
Kreshnik Bekteshi

Изработил/ Përpiloi: Бојана Јосифовска, Bojana Josifovska
Контролирал/ Kontrolloi: м-р Надица Николоска, m-r Nadica Nikoloska
Марина Тодоровска, Marina Todorovska
Одобрил/ Aprovoi:м-р Фатмире Хоџа, m-r Fatmire Hoxha
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ, m-r Razmena Çekiq Duroviq